**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 3/24**
**16.01.2024 година**
**Неготино**

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, согласно член 20 став 1 алинеја 1, а врз основа на член 36 од Законот за судска служба („Сл.весник“ бр.43/14...235/22), по спроведената постапка по Јавниот оглас број 03/2023 под точка 1 за вработување на судски службеник на неопределено време за работно место „Судски соработник“ категорија В ниво 3, по доставениот Предлог на кандидат за вработување од Комисијата за селекција за вработување Су-04 број 90/23 од 15.01.2024 година, на ден 16.01.2024 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

На Јавниот оглас број 03/2023 под точка 1, за работно место **„Судски соработник“** категорија В - ниво 3, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот

**АЛЕКСАНДАР КОРДОВСКИ**

По конечноста на одлуката, за избраниот кандидат да се донесе решение за вработување на судски службеник на неопределено време.

**О б р а з л о ж е н и е**

Основен суд Неготино на ден 13/12/2023 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, објави Јавен оглас број 03/2023 за вработување на неопределено време на судски службеник, под точка 1 од огласот за работно место „судски соработник“ категорија В- ниво 3, 1 (еден) извршител.

По спроведената постапка за вработување согласно член 35 став 1 од Законот за судска служба и член 20 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојноста на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници, до Претседателот на судот од страна на Комисијата за селекција за вработување доставен е Предлог на кандидат за вработување Су-04 број 90/23 од 15.01.2024 година.

Комисијата за селекција за вработување го предлага за избор кандидатот Александар Кордовски од Неготино, со шифра 03/2023-6, со вкупно освоени 86,18 бодови, како единствено рангиран кандидат на ранг листата под точка 1 од огласот.

Претседателот на судот, имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за вработување Су-04 бр.90/23 од 15.01.2024 година, а постапувајќи врз основа на член 36 став 1 од Законот за судската служба, за работното место **„судски соработник"** категорија В ниво-3, го избра предложениот кандидат Александар Кордовски.

Во рок од пет дена по конечноста на одлуката за избор, согласно член 37 став 1 од ЗСС, да се донесе решение за вработување на судски службеник на неопределено време за избраниот кандидат Александар Кордовски.

Одлучено во Основен суд Неготино на ден 16.01.2024 година.

**Претседател на**
**Основен суд Неготино**
Билјана Толова

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката до Советот на судска служба преку овој суд.

**Доставено до:**
- кандидат од огласот под точка 1
- Су архива